Приватна високообразовна установа
- Висока стручна школа
ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА
Бр. 02 - 215/1
05.05 2023 год
СКОПЈЕ

**РЕФЕРАТ**

**ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО - ЗВАЊЕ НА ПВУ-ВСШ**

**„ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА“, СКОПЈЕ**

Со одлука бр. 02-210/1 донесена на дванаесеттата седница на Наставничкиот совет на ПВУ-ВСШ „Факултет за бизнис економија“ Скопје, одржана на ден 02. 05. 2023 година определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор во сите наставни звања од полето 506 Организациски науки и управување, 50603 Менаџмент на ПВУ ВСШ „Факултет за бизнис економија“ Скопје. Јавниот конкурсот за избор на наставник во сите наставни звања од полето 506 во областа на Организациски науки и управување беше објавен во дневниот весник „Слободен печат“ на 06.04.2023 година, и во предвидениот рок се пријави д-р Николовска Ирена. Членовите на рецензентската комисија, согласно член 172 од Законот за високо образование( Сл.Весник на РМ бр.82/18) и Правилникот за критериумите и постапката за избор во звања на ПВУ ВСШ ,,Факултет за бизнис економија '' Скопје, а во врска со објавениот конкурс за избор на еден наставник во сите наставни звања во областа на Организациски науки и управување. Врз основа на деталниот увид на приложената документација, на Наставничкиот совет му го поднесува следниот

**ИЗВЕШТАЈ**

**1. Биографски податоци**

Кандидатката д-р Ирена Николовска е родена на 08. 03. 1977 година во Куманово, РМ. Во 1998 дипломира на University of Central Oklahoma, College of Business, Oklahoma City во Соединетите Американски Држави во насока Деловна (Бизнис) Економија, отсек Надворешна Трговија и се стекнува со стручна подготовка Bachelor of Business Administration (BBA). Врз основа на член 171 став 1 алинеа 2 од Законот за насоченото образование и член 5 од Правилникот за задничките основи, начинот и постапката за нострификација на дипломи

стекнати во странство на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" – а по предлог на Комисијата за нострификација Наставно-научниот совет на седницата одржана на ден 04.12.1998 година, ја донесе Одлуката за нострификација со бр. 07-2399/2 на горенаведената диплома за завршен VII/1 степен на стручна подготовка, односно Дипломиран Економист на Економскиот факултет во Скопје на отсекот Деловна (Бизнис) Економија, насока Надворешна Трговија. Како стипендист на Националната Банка на Грција, од 2003 до 2004 е студент на постдипломските студии на Athens Laboratory of Business Administration (ALBA), во Атина, Грција на Економскиот Факултетот за постдипломски студии. Во 2004, со одбрана на магистерскиот труд " Development of Co-branded credit cards in financial institutions in Republic of Macedonia and Republic of Bulgaria" успешно ги заврши сите барања на студискиот програм и се стекнува со академски степен Магистер по Деловна (Бизнис) Економија (MBA). Како стипендист на Florida International University, во Флорида во Соединетите Американски Држави во периодот од 2006 до 2007 е студент на постдипломските студии на Факултетот за Новинарство и Масовни Комуникации во областа на Масовни Комуникации, Рекламирање и Односи со Јавност и со одбрана на магистерската теза со наслов " Advertising appeals between Anglos and Hispanics in the United States of America: Argumentation for standardized versus specialized advertising" се стекнува со стручна подготовка Master of Science in Mass Communications (MSc). Врз основа на член 159 став 3 од Законот за високо образование, Министерството за образование и наука донесе Решение за признавање на високообразовна квалификација стекната во странство (УП1 бр.15-3155) од 18.12.2017 год и се признава завршен втор циклус магистерски студии и стекнат научен степен Магистер на науки од областа на масовни комуникации. Како стипендист на Barry University, во Флорида во Соединетите Американски Држави во периодот од 2009 до 2012 е студент на докторските студии на Факултетот за Лидерство и Организациско Учење на катедрата за Развој на Човечки Ресурси, и по завршување на докторските испити, потребните докторантски активности и со одбрана на докторската дизертација со наслов " Cultural Orientation in the Horizontal and Vertical Dimensions as Predictors of Conflict Management Styles in Financial

Institutions" се стекнува со стручна подготовка Doctor of Philosophy in Leadership and Human Resource Development (PhD). Врз основа на член 199 став 1 член 223 од Законот за високо образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018), на предлог на Стручната комисија за еквиваленција и признавање на високообразовни квалификации или дел од високообразовни студии стекнати во странство од научните подрачја на општествени науки врз основа на Записник бр. 15-6936/1 од 05.06.2018 година, Министерството за образование и наука донесе Решение за признавање на високообразовна квалификација стекната во странство (УП1 бр.15-903) од 29.08.2018 год и се признава завршен трет циклус докторски студии и стекнат научен степен Доктор на науки по човечки ресурси.

Кандидатката д-р. Ирена Николовска има повеќегодишно домашно и меѓународно искуство професионално искуство. Меѓународното искуство го стекнува како истражувач, предавач и професор на Меѓународниот Факултет на Флорида и Бери Универзитетот на Флорида во Соединетите Американски Држави каде е носител по предметите во областа на Комуникациите и Развој на Човечки Ресурси како што се: Управување со различности во организации, Развој на човечки ресурси, Однесување на групи во организации, Методи на истражување, Стратешко управување со човечки ресурси, Стратегии на администрирање во организации (Катедра за Лидерство и Организациско Учење, Бери Универзитет), и предметите Основи на Рекламирање, Развој на креативни стратегии за промотивни кампањи (Катедра за Комуникации, Рекламирање и Односи со Јавност, Меѓународен Универзитет на Флорида). Во земјата, како визитинг професор, д-р. Николовска има повеќегодишна соработка со Универзитетот Американ Колеџ, Факултетот за деловна економија и организациски науки во Скопје на кој е предавач на катедрата за маркетинг и катедрата за менаџмент на предметите Управување со Човечки Ресурси, Стратешко управување со човечки ресурси, Меѓународен маркетинг, и Политики на цени. Истотака, професионалното искуство во земјата го стекнува во финансискиот сектор преку нејзиниот ангажман во Стопанска Банка АД-Скопје-членка на НБГ групацијата и Македонска Банка АД-Скопје, како и преку соработка на повеќе проекти во приватниот сектор.

Особено е значајно да се потенцира дека кандидатката има искуство како ментор и член на комисии за дипломски и магистерски трудови на повеќе катедри во високото образование како во земјата така и во САД. Истотака, д-р Николовска Ирена е публициран автор на повеќе меѓународни трудови и поседува искуство како рецензент на меѓународни научни трудови. Поседува активно учество во повеќе истражувања од областа на организациско учење и развој на човечки ресурси кои резултираат во академски публикации во меѓународни академски журнали со импакт фактор и презентации на меѓународни научни конференции во државата, Соединетите Американски Држави и Европа.

**2. Наставно образовна дејност (НО)**

Од 2011 до 2018, д-р. Николовска е ангажирана како Визитинг Професор на Универзитетот Американ Колеџ Скопје, на Факултет за деловна економија и организациски науки, Скопје и активно предава на маркетинг и менаџмент катедрите. Зема активно учество во развивање, организирање и спроведување на предавања и испити по предметите од областа на организациските науки. Предавач е на додипломски студии на предметот Управување со човечки ресурси и предавач на испити на постдипломски студии на следните предмети: Стратешко управување со човечки ресурси, Меѓународен маркетинг и Политика на цени. Истотака, има ангажман и за реализација на други активности од наставно – научната работа како член и ментор на магистерски трудови .

Од 2008 до 2013 кандидатката е ангажирана како предавач а потоа и како професор на Barry University, Флорида, Факултет за Лидерство и организациско учење, во Соединетите Американски Држави и активно предава на Катедрата за Лидерство и Организациско Учење и Катедрата за континуирано образование и доживотно учење. Зема активно учество во организирање и спроведување на вежби, предавања и испити по предметите од областа на организациско учење и развој на човечки ресурси. Самостоен предавач и носител е на следните предмети на постдиломски студии: Управување со различности во организации, Методи на

истражување, Развој на човечки ресурси, Однесување на групи во организации, и Развој на стратегии во организации. Истотака, од 2009 до 2011, е ангажирана како истражувачки асистент на Катедрата за Лидерство и Организациско Учење и има активно учество во повеќе истражувања од областа на лидерство и развој на човечки ресурси кои резултирале со публикации на научни трудови во меѓународни научни списанија со импакт фактор и презентации на трудови на меѓународни научни конференции.

Од 2008 до 2012 е ангажирана како предавач на Florida International University, Florida, Факултет за Комуникации, рекламирање и односи со јавност, Мајами во Соединетите Американски Држави. Зема активно учество во организирањето и спроведувањето на предавањата и испитите по предметите од областа на комуникации, рекламирање и односи со јавност. Самостоен предавач на додипломски студии по следните предмети: Креативни стратегии за промотивни кампањи и Основи на рекламирање. Истотака е и ментор и член на професионални проекти. На истиот факултет, од 2006 до 2008 е ангажирана како истражувачки асистент и зема активно учество во проекти за развој на студиските програми во состав на катедрата за масовни комуникации, рекламирање и односи со јавност. Истотака, има одржано повеќе предавања како гостин предавач на Американскиот Универзитет на Европа-ФОН на теми во областа на развој на човечки ресурси и на Економскиот факултет при Универзитетот на Св. Кирил и Методиј на теми во областа на управување со различности во организации (2020).

**3. Научно истражувачка дејност (НИ)**

Меѓународно научни трудови:

Nikolovska, I., Kopp, D.M., Matusevich, K. (2012). Review on Theoretical Relationship Between the Horizontal and Vertical Dimensions of Individualism and Collectivism and Conflict Management Styles. Proceedings of the Academy of Human Resource Development 2012 International Research Conference in the Americas. Denver, CO.

Kopp, D.M., Nikolovska, I., Desiderio, K.P., Guterman, J.T. (2011). "Relax, I remember the recession in the early 1980s…" Organizational Storytelling as a crisis management tool. Human Resource Development Quarterly, 22(3), 373-385.

Desiderio, K.P., Kopp, D.M., Nikolovska, I. (2011). The locus of flow: A framework for research and practice. Proceedings of the Academy of Human Resource Development 2011 International Research Conference in the Americas. Schaumburg, IL.

Kopp, D.M, Nikolovska, I., Desiderio, K.P., Guterman, J. T. (2010). "Relax, I remember the recession in the early 1980s…" Proceedings of the International Research Conference 2010: The Challenges to Economic Theory and Policy in the Aftermath of the Global Econonomic Crisis. Skopje, Republic of Macedonia.

McAtavey, J.M. & Nikolovska, I. (2010). Team Collectivist Culture: A Remedy for Creating Team Effectiveness. Human Resource Development Quarterly, 21(3), 307-316.

Nakov, L., Nikolovska, I., Kopp, D.M, Desiderio, K.P., (2010). The insights of Social and Transitional Justice- Towards a New Global Perspective for HRD. Proceedings of the 11th International Conference on Human Resource Development across Europe. Pecs, Hungary.

McAtavey, J.M. & Nikolovska, I. (2010) Team Collectivist Culture: A Remedy for Creating Team Effectiveness. Proceedings of the Academy of Human Resource Development 2010 International Research Conference in the Americas. Knoxville, Tennessee.

**4. Стручно-апликативна и организациски развојна дејност (САОР)**

Д-р. Николовска има 15 годишно професионално искуство во државата, од кои 9 години во финансискиот сектор почнувајќи како соработник во Македонска Банка АД-Скопје и подоцна извршувајќи функција како виши советник во најголемата банка во Република Северна Македонија, Стопанска Банка АД-членка на НБГ групацијата. Во текот на нејзиниот професионален развој во финансискиот сектор, таа учествува на обуки во земјава и во Европа и

се здобива со сертификати како што се како што се: Certificate of Achievement of Tempus Phare Joint European Project, University of St. Cyril and Methodius, Skopje, и Certificate of Achievement in International Financial Operations, Banka Nazionale del Lavoro, Rome, Italy. Истотака, кандидатката има менаџерско искуство во приватниот сектор каде ја извршува функцијата како директор на компанија за производство и трговија Нико, ДОО управувајќи со над 80 вработени. Има повеќегодишно искуство како аналитичар и проктен координатор на повеќе проекти во различни сектори. Дел од проектите во кои има учествувано со своја експертиза и/или како проектен координатор се:

- "Development of waste management system in grapes and wine sector in the Tikves region" (2022-2023)
- "Youth Strategy for Ohrid Municipality, 2021-2026"
- "Creating Jobs for All/ Employment-Vulnerable Groups", 2021 (donor UNDP and The Swiss Agency for Development and Cooperation (SDC)
- "Promote tourism and culture through the water – ToCulter", 2018 (donor EU/Struga Manicipality)
- "Training of (new) employees in EU Department within the Ministry of Local Self-Government of the Republic of North Macedonia", 2013

Истотака, во текот на 2003-2004 година, кандидатката како советник во Стопанка Банка АД-Скопје е испратена од страна на Националната Банка на Грција на академско и стручно усовршување на Атинската Лабораторија за Бизнис во Атина, Грција каде успешно ја завршува МБА програмата. Истотака, кандидатката има 6 годишно искуство во образовниот сектор во Соединетите Американски Држави и е стипендист на Меѓународниот Универзитет на Флорида и Бери Универзитетот во Флорида, Соединетите Американски Држави каде ги завршува мастер и докторските студии, и истотака како студент со високи достигнување покрај останатите, ја добива и стипендијата за високи академски достигнувања University Merit Wide Scholarship, и

согласно тие постигнувања се здобива со членство во Golden Key International Honor Society. Во текот на престојот во САД, д-р Николовска во состав на нејзиниот професионален и академски развој членува во најголемата глобална асоцијација за обука и тренинг Американската Асоцијација за Тренинг и Обука (American Association of Training and Development, ASTD). Кандидатката има големо искуство во развој и спроведување на предавања од далечина и за истото има добиено обука за користење и апликација на Moodle- Open source learning platform. Истотака, кандидатката е рецензент на повеќе научни конференции како што се конференциите организирани од страна на Академијата за Човечки Ресурси- "International Resource Development Conference in the Americas" (2009-2012), Human Resource Quarterly (2011), Универзитетот Американ Колеџ, 8ма меѓународна конференција на Европска интеграција - "*Out of the Crises: EU Economic and Social Policies Reconsidered" (2013).*

Имајќи го предвид погоре наведеното на Наставничкиот совет му го даваме следниот

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Рецензентската комисија по увид во документацијата поднесена со пријавата за распишаниот јавен конкурс за избор во наставно звање од областа на Организациски науки и управување, може да констатира дека кандидатот д-р Николовска Ирена ги исполнува формалните услови согласно Законот за високо образование, Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставни звања на ПВУ-ВСШ „Факултет за бизнис економија" во Скопје.

Рецензенската комисија може да констатира дека кандидатот д-р Ирена Николовска го има потребното искуство за избор во наставно звање предавач , има работно искуство во наставна и високообразовна дејност како и има објавено научни и стручни трудови, покажува интерес, капацитет и способност за наставно образовна и научно истражувачка активност, кои се потребни за извршување на работните обврски како предавач во областа на Организациски Науки и Управување.

Врз основа на претходно изнесеното, рецензентската комисија му предлага на

Наставничкиот совет да го избере кандидатот д-р Николовска Ирена во наставно звање предавач од областа на Организациски Науки и Управување/Менаџмент на ПВУ-ВСШ „Факултет за бизнис економија" во Скопје.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:

1.

Д-р. Љубомир Дракулевски, ЕФ редовен професор, Св. Кирил и Методиј

2. д-р. Илијана Петровска

Редовен Професор, Универзитет Американ Колеџ Скопје, Факултет за деловна економија и организациски науки, Скопје

3. д-р. Леонид Наков

Редовен Професор, Универзитет Св. Кирил и Методиј, Економски Факултет, Скопје